Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

Министерство за економија и труд | Ministria e Ekonomisë dhe Punës

**Прекршочна комисија за водење на прекршочна постапка за прекршоци и изрекување прекршочни санкции**

Архивски број: 28-80/2

10 -02- 2026

Прекршочната комисија за водење на прекршочна постапка за прекршоци и изрекување прекршочни санкции во Министерството за економија и труд (во понатамошен текст комисијата), Комисија формирана со решение бр. 04-2317/1 од 28.04.2025 година и измени и дополнување на решение број 04-137/2 од 30.01.2026 година, преку заменик претседателот Александра Личоска, замениците членови Горан Апостоловски и Арменд Абази во прекршочниот предмет бр. 30-345 од 16.03.2023 година по барањето за поведување на прекршочна постапка поднесено од Државен пазарен инспекторат- подрачје Охрид, бр. 09-195 од 14.02.2023 година, против Николче Стефаноски како одговорно лице на правното лице за сторен прекршок по член 4 став 1, а казнив по член 70 став 6 од Законот за угостителаска дејност („Службен весник на РМ" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/ 14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20 и 16/25),на седницата одржана на ден 06.02.2026 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Николче Стефаноски , со стан на живеење на ул." Даме Груев " бр.190, Охрид, со ЕМБГ 3007974430008 државјанин на Република Северна Македонија, како одговорно лице во правното лице

ОДГОВОРЕН Е

ЗАТОА ШТО:

Државниот пазарен инспекторат на ден 11.02.2023 година во угостителскиот објект Кај Шефот на ул. 15 Корпус 6б во Охрид, при вопреден инспекциски надзор , се констатира дека Николше Стефаноски од Охрид врши угостителска дејност без да е регистриран во трговскиот регистар. Лицото Николче Стефаноски на записник број 09-195 од 11.02.2023 година бил задолжен на 14.02.2023 година да се јави во Државниот пазарен инспекторат-Охрид, истото не го сторил со што е сторен прекршок по член 4 став 1 , а казнив по член 70 став 6 од Законот за угостителаска дејност („Службен весник на РМ" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/ 14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на

Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25),, поради кое прекршочната комисија изрекува:

ИЗРЕКУВА

1. За сторителот на прекршок Николче Стефаноски, одговорно лице во правното лице, ГЛОБА во износ од 250 евра, во денарска противредност 15.375,00 денари, сметано по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија во времето на изрекувањето на глобата.

СЕ ЗАДОЛЖУВА сторителот на прекршокот, да ја платат глобата во рок од 15 дена по правосилноста на ова Решение на примачот: Трезорска сметка, Банка на примачот: НБРМ , сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка 840- * * * (општина каде се уплаќа)- 05257, приходна шифра и програма 722 123 00, со цел на дозанака - наплата на глоба, по решение, во спротивно истата ќе се наплати по присилен пат согласно член 38 став 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 253/23).

Еден примерок од вирманите да се достави до прекршочната комисија, на адреса, Министерство за економија и труд - Прекршочна комисија, ул. "Јуриј Гагарин" бр.15, Скопје.

Доколку сторителот на прекршокот не ја плати глобата во определениот рок се предупредува дека неплатената глоба ќе биде наплатена по присилен пат.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Министерството за економија и труд - Прекршочна комисија за водење на прекршочна постапка за прекршоци и изрекување прекршочни санкции. Постапуваше по поднесено барање за поведување прекршочна постапка од Државниот пазарен инспектор подрачје-Охрид , против Николче Стефаноски од Охрид како одговорно лице на правното лице.

Постапувајки по барањето на подносителот, Прекршочната комисија согласно член 60 став 3 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 253/23 и 96/25), писмено го извести сторителот на прекршок дека во рок од три дена може писмено да се изјасни за фактите и доказите наведени во барањето. Доставувањето на известувањето е извршено со препорашана пратка ,меѓутоа и покрај два обиди за уредна достава до одговорното лице кои беа неуспешни, мораше да се пристапи со јавна објава, согласно член член 56 став (5) и член 57 став (4) од Законот за прекршоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 253/23 и 96/25) .

Република Северна Македонија

**Министерство за економија и труд**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Ekonomisë dhe Punës**

**Прекршочна комисија за водење на прекршочна постапка за прекршоци и изрекување прекршочни санкции**

Прекршочната комисија на одржаната седница на 06.02.2026 година, при одлучувањето за видот и висината на прекршочната санкција ги разгледа и ги зеде во предвид сите приложени писмени докази како и околностите од член 16 и член 37 од Законот за прекршоците.

Комисијата врз основа на доставените докази, ценејќи го секој доказ поодделно и сите заедно утврди дека е сторен прекршок по член 4 став 1 , а казнив по член 70 став 6 од Законот за угостителаска дејност.

Врз основа на доставените докази, Комисијата при донесување на одлуката се водеше од утврдената фактичка состојба од пазарниот инспектор , кој при извршениот инспекциски надзор записнички утврдил дека Николче Стефаноски од Охрид врши угостителска дејност без да е регистриран во трговскиот регистар.

Прекршочната комисија ја ценеше природата и тежината на прекршокот, околностите под кои прекршокот е сторен.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди глоба за одговорното лице 250 евра во денарска противвредност од **15.375,00** , по што следеше да се изрече глоба како во диспозитивот на ова решение.

Рокот за плаќање на глобата е определен согласно член 26 став 6 и член 38 став 1 од Законот за прекршоците, а доколку сторителот не ја плати глобата во утврдениот рок, ќе се спроведе присилна наплата согласно со одредбите од Законот за даночна постапка.

**ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Заменик Претседател
Александра Личоска

Заменици Членови:
- Горан Апостоловски
- Арменд Абази

Доставено до:
-Подносител
- Сторителот на прекршок
- Архива на прекршочни предмети,
- Одделение за прекршоци и
- Прекршочна комисија